# Стандардни одредби за пристап во Амадеус

Овие стандардни одредби за пристап во Амадеус се предмет на одредбите и условите на Договорот.

## 1. Дефиниции

Освен ако не се појави спротивна намера, термините дефинирани во Договорот ќе го имаат истото значење употребено во овие стандардни одредби за пристап во Амадеус. Во овие стандардни одредби за пристап во Амадеус:

"**Договор**" значи договорот склучен од страна на и помеѓу Амадеус и Претплатникот, во кој овие стандардни одредби за пристап во Амадеус се вградени со наведување.

"**Акредитиви за пристап**" значи кое било корисничко име, број за идентификација, лозинка, лиценца или безбедносен клуч, безбедносен токен, ПИН или друг безбедносен код, метод, технологија или уред што се користи сам или во комбинација, за да се верификува идентитетот на поединецот и овластувањето за пристап и употреба на Амадеус Системот или, како што е потребно, Амадеус Производот.

"**Амадеус Групација**" значи Амадеус и групацијата на правни субјекти, вклучително Амадеус ИТ Груп, С.А., што го развива, работи и дистрибуира Амадеус Системот.

"**Амадеус Производ**" значи кој било Софтвер или друг производ или услуга, што Амадеус го обезбедува на Претплатникот согласно Договорот.

"**Амадеус Услуги**" значи кои било претплатнички услуги за Софтверот, што Амадеус ги обезбедува за далечински пристап и употреба преку Интернет од страна на Претплатникот и неговите Овластени Корисници (на пр. Поврзување со продажната платформа на Амадеус), заедно со Документацијата за употреба на истата.

"**Амадеус Систем**" значи компјутеризираниот систем за патување на информации и дистрибуција, што содржи информации за распореди, достапност, трошоци и поврзани услуги, а преку кој може да се направат резервации и да се издадат билети. "Амадеус Систем" не вклучува каква било јавна Интернет или електронска пошта, што може да ја обезбеди Амадеус.

"**Податоци од Амадеус Системот**" значи податоци/информации достапни на Претплатникот преку Амадеус Системот.

"**Овластени Корисници**" значи вработените, агентите и независните изведувачи на Претплатникот, кои Претплатникот ги овластил да го користат Амадеус Системот, Амадеус Производот или, доколку е достапен на Територијата, Амадеус Директ во согласност со овој Договор. Претплатникот ќе одржува писмена, ажурирана листа на моментални Овластени Корисници и ќе ја достави таквата листа до Амадеус во рок од десет (10) дена од писменото барање на Амадеус, во кое било време. Овластените Корисници не вклучуваат лица или субјекти, што се вработени, агенти или изведувачи на конкурентите на Амадеус.

"**Резервација**" значи секоја поединечна авионска ("**Авионска Резервација**"), хотелска соба или рент-а-кар ("**Неавионска Резервација**") резервација креирана во делот за патување на ПНР резервирана и обработена во Амадеус Системот што: (а) не била поништена, непотврдена или неисполнета; и (б) во случај на Авионска Резервација, имало билет или сличен документ издаден од страна на Давателот на услуги или негов овластен агент ("**Резервација на билет**"). Страните ќе претпостават дека бројот на Резервации на билет се во согласност со бројот на Авионски Резервации, освен ако не е поинаку прикажано во автоматската евиденција на Амадеус. На пример: (i) еден патник на еден директен лет се смета како една Авионска Резервација; и (ii) еден патник на два посебни поврзани летови се смета како две Авионски Резервации.

"**Податоци за Резервацијата**" значи податоците креирани од страна на Претплатникот во врска со Резервација, преку нејзина употреба во Амадеус Системот.

"**Документација**" значи кои било прирачници, упатства за корисници, документи, инструкции или други информации што Амадеус ги обезбедува на Претплатникот за да ја олесни правилната употреба и работењето на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ, вклучително оние во електронска форма.

"**Број на Канцеларија**" значи секој единствен код за идентификација на Амадеус канцеларија.

"**Онлајн Корисник**" значи индивидуален патник, кој користи Веб страница за пристап до Амадеус Системот.

"**ПНР**" значи евиденција на име на патник креирана во Амадеус Системот.

"**Давател на услуги**" значи давател на услуги поврзани со патување, кој ги става на располагање податоците преку Амадеус Системот.

"**Софтвер**" значи софтверските апликации, до кои Амадеус обезбедува далечински пристап, како дел од Амадеус Услугите или за инсталација на хардвер од страна на Претплатник, заедно со Документацијата за употреба на истите и сите нови верзии, ажурирања, ревизии, подобрувања, измени и замени на таквите софтверски апликации.

"**Трансакција**" значи барање за обработка на податоци што се пренесени во Амадеус Системот. Повеќекратни елементи на податоци пренесени до Амадеус Системот во низа се сметаат како една Трансакција. Елементите на податоци пренесени преку визарди, макроси, роботика и слични средства може да резултираат со повеќекратни Трансакции што не се видливи за Претплатникот. Амадеус го задржува правото да воведува нови типови на Трансакции и цени во однос на нив, во кое било време, а употребата од страна на Претплатникот на таквите нови типови на Трансакции ќе претставува согласност од Претплатникот да ги плати важечките Надоместоци. "Централна Системска Трансакција" значи Трансакција што не е трансакција за пребарување со ниски цени на Амадеус Производ како што е Мастер Прајсер.

"**Веб страница**" значи која било интернет страница или мобилна апликација, што ја користи Претплатникот за да им обезбеди на Онлајн Корисниците пристап до Амадеус Системот.

## 2. Пристап во Амадеус Системот

**2.1 Пристап.** Согласно одредбите и условите на Договорот, Амадеус му доделува на Претплатникот неексклузивно, отповикливо и непреносливо право, без правото да доделува подлиценци, на пристап и употреба на Амадеус Системот во рамки на Територијата исклучиво за добивање на Податоци од Амадеус Системот. До Амадеус Системот може да пристапат само Овластени Корисници и, согласно Секција 6.2 (*Веб страница на Претплатникот*) од овие Стандардни одредби за пристап во Амадеус, Онлајн Корисници.

**2.2 Податоци од Амадеус Системот.** Претплатникот ќе ги користи Податоците од Амадеус Системот само за: (а) резервација или продажба на патнички производи и услуги што ги нудат Давателите на услуги во Амадеус Системот; (б) обезбедување на патнички информации на клиентите на Претплатникот; (ц) издавање на билети, планови за патување, фактури или изјави; (д) сметководствени и книговодствени активности на клиентот; и (е) други услуги поврзани со патување овластени од страна на Амадеус на писмено. Претплатникот нема да ги собира, чува, продава, дистрибуира или на друг начин да ги става на располагање Податоците од Амадеус Системот, освен ако не е изречно дозволено согласно овој Договор.

**2.3 Забранети активности.** Претплатникот нема: (а) директно, индиректно, рачно или преку роботизирани уреди да пристапува или да користи, или да ѝ дозволи на која било трета страна, освен Овластените Корисници да пристапат или да го користат Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ за: (i) правење на резервации што се шпекулативни, фиктивни, двојни, несоодветни или измамнички, или направени само за постигнување на минималните таргети за Резервации, минималните услови за употреба или на друг начин да добие несоодветна економска корист; (ii) резервација на простор во очекување на барање; (iii) несоодветно креирање или измена на евиденција; (iv) пренос на лични пораки освен преку систем за електронска пошта; (v) обука на која било трета страна за употреба на Амадеус Системот; (vi) развивање или објавување на кој било водич за резервација, за издавање на билети, за продажба, за карго или за тарифа; (vii) учество во кои било неетички или незаконски активности; (viii) без оглед дали е свесно или не, испраќање или ширење на вирус, тројанец или други малициозени, штетни или онеспособувачки податоците, работи, кодови или програми; или (ix) мешање во, пореметување или обид да се добие неовластен пристап до кој било компјутер, систем или мрежа; (б) да лиценцира, пренесе, додели, дистрибуира, прикаже, открие или на друг начин да го стави на располагање Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ на која било трета страна, освен на Овластените Корисници или, како што е изречно дозволено согласно Договорот; (ц) освен како што може да биде дозволено со кој било важечки закон, што не може да се исклучи со согласност помеѓу Страните, и освен во мера изречно дозволена согласно Договорот: (i) да се обиде да копира, измени, умножи, креира изведени работи од, врами, рефлектира, одново објавува, презема, прикажува, пренесува или дистрибуира сите или кој било дел од Софтверот или Документацијата достапна во која било форма или медиум или преку кои било средства; или (ii) да се обиде да декомпајлира, обратно компајлира, расклопи, обратно организира или на друг начин да сведе во форма забележлива за луѓето, сите или кој било дел од Софтверот; (д) да пристапи до Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ преку производи од трета страна (на пр. роботизирани алатки), што не се изречно одобрени од Амадеус на писмено; (е) да користи кој било автоматски уред, софтвер, апликација, програм, пребарувачки приклучоци, алгоритам без оглед дали интегриран во пребарувач или на друг начин или методологија што има слични процеси или функционалност, или кој било рачен процес, за набљудување, извршување на кои било трансакции, за врамување, менување, додавање на содржина или копирање на кој било дел од Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ; или (ф) да пристапи до сите или кој било дел од Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ со цел да изгради производ или услуга, што е конкуренција на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ.

**2.4 Овластени Корисници.** Претплатникот ќе обезбеди дека Овластените Корисници го користат Амадеус Системот или Амадеус Производите во согласност со овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус и ќе биде одговорен за кое било прекршување на овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус од страна на кој било Овластен Корисник.

**2.5 Инструкции за работење.** Претплатникот ќе ги почитува кои било разумни инструкции дадени од страна на Амадеус повремено, во однос на правилното работење со Амадеус Системот или Амадеус Производот.

**2.6 Непродуктивни Резервации.** Претплатникот ќе биде исклучиво одговорен за отстранување на сите непотврдени, неисполнети или откажани Резервации од ПНР.

**2.7 Трансакции.** Претплатникот ќе вложи разумни напори да го минимизира бројот на Трансакции по Резервација.

**2.8 Измени/Прекин.** Амадеус или неговите давачи на лиценца може, по нивна исклучива дискреција, да ги изменат, отстранат, прекинат, заменат, ажурираат или подобрат функциите и компонентите на, и податоците обезбедени преку, сите или кој било елемент од Амадеус Системот или Амадеус Производот без обврска спрема Претплатникот. Амадеус ќе вложи комерцијално разумни напори да го извести Претплатникот од напред за која било таква материјална постапка. Од Амадеус не се бара да понуди или да одржува кои било посебни податоци или податоците на кој било посебен Давател на услуги во Амадеус Системот. Претплатникот нема да го измени или промени Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ.

**2.9 Одржување.** Амадеус може во кое било време, без каква било одговорност или обврска спрема Претплатникот, да изврши планиран прекин на работата поради одржување на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ. Амадеус ќе вложи комерцијално разумни напори да го минимизира и да го извести Претплатникот однапред за кој било таков прекин на работата.

**2.10 Софтвер и Технологија на Претплатникот.** Претплатникот не смее да интегрира или да поврзе кој било софтвер или технологија со Амадеус Системот или Амадеус Производот, или да изврши каква било друга операција што може да влијае на Амадеус Системот или Амадеус Производот или Претплатникот да пристапи кон нив, без добивање на претходна писмена согласност од Амадеус, што нема да биде неразумно задржана или одложена. Хардверот или софтверот обезбеден од страна на Претплатникот или неговите продавачи за негова употреба заедно со Амадеус Системот ќе ги исполни претежните спецификации и стандарди на Амадеус и е исклучива одговорност на Претплатникот. Доколку каков било таков хардвер или софтвер ја деградира или влијае на перформансите на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ, или постои неовластена измена на нив, Претплатникот ќе биде одговорен за сите разумни трошоци сносени од страна на Амадеус за дијагностицирање и елиминирање на деградирањето, негативното влијание или измената. Амадеус може по негова разумна дискреција да ги промени барањата на хардверот или софтверот неопходни за работење на Софтверот или за пристап до Амадеус Системот.

**2.11 Проверка на Хардверот и Софтверот.** Амадеус може да изврши онлајн проверки, преку функцијата за автоматско ажурирање или на друг начин, на хардверот и софтверот што го користи Претплатникот за пристап до Амадеус Системот. Како дел од овие проверки, Амадеус може да ги зачува следните податоци: тип и брзина на часовникот за употребениот ЦПУ, големината на РАМ, капацитетот на хард дискот и верзијата на оперативниот систем. Амадеус ќе ги употреби зачуваните податоци заради проверка на перформансите на системот, обезбедување на автоматски ажурирања, елиминирање на дефекти, верификација на фактурите или на друг начин обезбедување на поддршка.

## 3. Прекин на Пристап / Издавање на билети

**3.1 Прекин на Пристап.** Амадеус може веднаш да го прекине пристапот на претплатникот во Амадеус Системот или во кој било Амадеус Производ, или да преземе други корективни мерки, ("**Прекин**") без каква било одговорност спрема Претплатникот, доколку: (а) Претплатникот не почитува кои било соопштени Амадеус политики, кои се однесуваат на неговата употреба на Амадеус Системот или Амадеус Производ, или кои било закони, правила, регулативи, наредби или директиви; (б) Амадеус смета дека е предизвикана злоупотреба или погрешна употреба на Амадеус Системот или Амадеус Производ, дозволена или овозможена од страна на Претплатникот или во име на Претплатникот; (ц) Претплатникот се обиде да направи неовластени измени на Амадеус Системот или Амадеус Производ; (д) пристапот на Претплатникот во Амадеус Системот или Амадеус Производ предизвикува (на пр., преку употребата на роботизиран софтвер): (i) деградација на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ; (ii) мешање во употребата на Амадеус Системот или Амадеус Производ од страна на други корисници или клиенти; или (iii) состојба, што може да го стави Амадеус во потенцијално или вистинско прекршување на своите договори со други страни; (е) Амадеус открие ситуација, што претставува вистинско или потенцијално (по разумно мислење на Амадеус) штетно влијание на Амадеус Системот или Амадеус Производ (вклучително технички проблеми, безбедносни ризици, штета, прекин или деградација на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ) или на друг начин негативно влијае на способноста на Амадеус да ги обезбеди услугите на Претплатникот или на други корисници, или да резултира со неефикасна или несоодветна употреба на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ; (ф) Претплатникот изврши кое било друго дејствие или пропуст, што, по дискреција на Амадеус, може да претставува закана за Амадеус Системот, кој било Амадеус Производ или финансиската стабилност на Амадеус, безбедноста на информациите/податоците на Амадеус или интелектуалната сопственост на Амадеус; (г) Претплатникот е идентификуван како неактивен или не одговара на кореспонденција, корекции или барања во однос на Амадеус Системот или применливиот Амадеус Производ; (х) Амадеус, со разумно постапување, смета дека Претплатникот или кој било Овластен Корисник е, или бил, вклучен во кои било измамнички или незаконски активности; (и) Амадеус добие судско или друго владино барање, одлука или барање за спроведување на законот, што изречно, или преку разумна импликација, бара Амадеус да постапи така; или (ј) употребата на Претплатникот на Амадеус Системот или

применливиот Амадеус Производ на друг начин материјално го прекршува овој Договор.

Амадеус, во мера дозволена со важечкиот закон, ќе го извести Претплатникот за кој било Прекин што е можно побрзо. Доколку Прекинот е резултат на дејствија или пропусти на Претплатникот, Овластениот Корисник или која било друга трета страна под контрола или дирекција на Претплатникот, а Претплатникот не ги поправи или не може да ги поправи таквите дејствија или пропусти во рок од триесет (30) дена од датумот на известувањето на Амадеус, тогаш Амадеус може да го раскине Договорот без каква било одговорност спрема Претплатникот или која било друга страна.

**3.2 Прекин на Издавањето на билети/Содржина.** Амадеус може, без каква било одговорност спрема Претплатникот, веднаш да ја прекине или ограничи: (а) можноста на Претплатникот да издава билети за Давателот(-ите) на услуги, доколку така се бара од која било причина од страна на: (i) таквиот Давател(-и) на услуги; или (ii) ИАТА, АРЦ или кое било друго регулаторно тело; или (б) пристапот на Претплатникот во конкретна содржина на Давателот на услуги, доколку така се бара од која било причина од страна на таквиот Давател на услуги.

## 4. Амадеус Услуги

**4.1 Амадеус Услуги.** Амадеус ќе ги обезбедува Амадеус Услугите нарачани од Претплатникот, вклучително која било поврзана Документација, на Претплатникот согласно одредбите на Договорот.

**4.2 Лиценца.** Амадеус со овој Договор му доделува на Претплатникот неексклузивно, отповикливо и непреносливо право, без правото да доделува подлиценци, да им дозволи на Овластените Корисници да ги користат кои било Амадеус Услуги нарачни од Претплатникот само во врска со пристапот на Претплатникот во и употребата на Амадеус Системот на Територијата.

**4.3 Нарачка на Акредитиви за Пристап.** Претплатникот ќе ги испрати до Амадеус целосните имиња и презимиња и деловните е-маил адреси, што исклучиво ги користат оние Овластени Корисници, кои се овластени од страна на Претплатникот да користат Амадеус Услуга. Потоа, Амадеус ќе му обезбеди на Претплатникот Акредитиви за Пристап, што ги нарачал и УРЛ за повикување на релевантната Амадеус Услуга. Штом Овластениот Корисник го верификува неговиот пристап, може да пристапи до релевантната Амадеус Услуга. Секој Овластен Корисник ќе може да ја промени својата лична лозинка на екранот за логирање на релевантната Амадеус Услуга. Претплатникот може да ги промени, додаде и отстрани Акредитивите за Пристап со употреба на обична процедура за нарачка на Амадеус или друга алатка што е повремено ставена на располагање од страна на Амадеус. Таквите операции ќе се извршат во согласност со тогаш важечките финансиски, технички и договорни услови што ги применува Амадеус на датумот на таквата операција и, доколку се нарачани нови Акредитиви за Пристап, ќе подлежат на применлива Наплата по Овластен Корисник.

**4.4 Акредитиви за Пристап.** Претплатникот се обврзува: (а) максималниот број на Овластени Корисници, кои ги овластува за пристап и употреба на Амадеус Услугите, да не го надмине бројот на Акредитиви за Пристап, што повремено ги нарачал; (б) да не дозволи кои било Акредитиви за Пристап да се користат од повеќе од еден индивидуален Овластен Корисник, освен ако не биле одново целосно доделени на друг индивидуален Овластен Корисник, во кој случај претходниот Овластен Корисник повеќе ќе нема какво било право на пристап или употреба на Амадеус Услугите; (ц) да му дозволи на Амадеус да ги проверува Амадеус Услугите со цел да го утврди името и Акредитивите за Пристап на секој Овластен Корисник. Таквата проверка може да се изврши не повеќе од еднаш во квартал, на трошок на Амадеус, и ова право ќе се изврши со претходно разумно известување, на таков начин што нема значајно да влијае на нормалното водење на бизнис од страна на Претплатникот; (д) доколку која било од проверките наведени во горенаведената Секција 4.4(ц) открие дека Акредитивите за Пристап се дадени на кој било поединец, кој не е Овластен Корисник, тогаш, без оглед на другите права на Амадеус, Претплатникот веднаш ќе ги оневозможи таквите Акредитиви за Пристап и Амадеус нема да издаде никакви нови Акредитиви за Пристап на кој било таков поединец; и (е) доколку која било од проверките наведени во горенаведената Секција 4.4(ц) открие дека Претплатникот недоволно ги платил Надоместоците на Амадеус, тогаш, без оглед на другите права на Амадеус, Претплатникот во рок од десет (10) дена од датумот на релевантната проверка ќе му плати на Амадеус износ еднаков на таквото недоволно плаќање, како што ќе биде пресметано во согласност со цените утврдени во Прилозите кон Договорот.

## 5. Амадеус Софтвер

**5.1 Лиценца на Софтвер.** Доколку Претплатникот нарача кој било Софтвер, што не е обезбеден како дел од Амадеус Услугите, Амадеус со ова му доделува на Претплатникот неексклузивно, отповикливо, непреносливо право и право што не може да се дава како подлиценца за употреба на предметната верзија на Софтверот само во врска со пристап и употреба на Претплатникот на Амадеус Системот на Територијата.

**5.2 Употреба на Софтвер.** Претплатникот може: (а) да користи една производна копија од Софтверот за секоја доделена лиценца; и (б) да го копира Софтверот во машински читлива форма само за бекап, и да ја копира поврзаната Документација, доколку сите копии и делумни копии ги вклучуваат известувањата за авторски права на Амадеус или неговите Даватели на лиценца, како што е применливо.

**5.3 Ажурирања на Софтвер.** Амадеус ќе му обезбеди на Претплатникот информации за ажурирања, ревизии, подобрувања, измени или замени на Софтверот (секое, "**Ажурирање на Софтвер**") и дополнителен Надоместок, доколку постои, за таквите Ажурирања на Софтвер по издавањето. Секој дополнителен Надоместок за Ажурирање на Софтвер ќе доспее во рок од триесет (30) дена од издавањето на Ажурирањето на Софтвер на Претплатникот, освен ако не го врати Ажурирањето на Софтвер неупотребено на Амадеус во рамки на таквиот период. Претплатникот мора да инсталира или да му дозволи на Амадеус да инсталира задолжителни Ажурирања на Софтвер, обезбедени од Амадеус бесплатно, во рок од триесет (3) дена од известувањето од Амадеус. Освен ако Амадеус не го извести на писмено, Претплатникот ќе ја замени моменталната верзија на Софтверот со последното достапно Ажурирање на Софтвер во рамки на разумен период откако Амадеус ќе стави на располагање Ажурирање на Софтвер. Претплатникот размира дека нема да може да го користи Ажурирањето на Софтвер, доколку направило деривативни програми или измени на Софтверот или хардверот што се користи за пристап во Амадеус Системот. Претплатникот го овластува Амадеус да изврши онлајн проверки на хардверот и Софтверот што ги користи Претплатникот за да ја верификува правилната инсталација на Ажурирањата на Софтвер.

## 6. Дополнителни Амадеус Производи & Обука

**6.1 Дополнителни Амадеус Производи.** Амадеус може да понуди дополнителни Амадеус Производи на Претплатникот. Освен ако не е поинаку договорено на писмено од Страните, сите дополнителни Амадеус Производи ќе подлежат на овие Стандардни одредби за пристап во Амадеус и тогаш важечките Надоместоци од датумот на првата употреба од страна на Претплатникот, што ќе претставува согласност на Претплатникот за таквите одредби и услови.

**6.2 Веб страница на Претплатникот.** Доколку Претплатникот нарача, а Амадеус се согласи на писмено да обезбеди, кој било Амадеус Производ употребен за да се прават Резервации преку Веб страница: (а) Претплатникот ќе биде исклучиво одговорен за сите штети и одговорности што произлегуваат од или се во врска со измама, злоупотреба или погрешна употреба на кредитни картички од страна на Онлајн Корисници, кои ги купуваат производите и услугите преку Веб страницата. Претплатникот ќе ја обесштети Амадеус Групацијата и нејзините подизведувачи, вклучително давателите на услуги за онлајн издавање на билети, од сите тужби, штети, трошоци или расходи што произлегуваат од или се во врска со која било таква измама, злоупотреба или погрешна употреба на кредитни картички од страна на Онлајн Корисник; и (б) Претплатникот ќе обезбеди стандардни одрекувања од одговорност и политики за приватност на Веб страницата ("**Одрекувања од одговорност на Веб страницата**") што ја штитат Амадеус Групацијата. Како минимум, одрекувањата од одговорност на Веб страницата ќе вклучува јазик, што на ниеден начин ниеден давател на податоци или информации за Веб страницата, вклучително Амадеус ИТ Груп, С.А. или нејзини поврзани лица, Даватели и издавачи на лиценца, не е одговорен за кое било барање, тужба или штета, вклучително директна, индиректна, последична, специјална, казнива, или која било друга штета или економска загуба, што произлегува од пристапот на Онлајн Корисникот во, употребата на, и купувањето на кој било производ или услуга преку Веб страницата. Одрекувањата од одговорност на Веб страницата ќе бидат проминентно прикажани на Веб страницата и ќе се даде нивна согласност преку процесот на покажување и кликнување од страна на Онлајн Корисниците при или пред резервацијата. Претплатникот ќе ја ослободи, брани и заштити Амадеус Групацијата од која било тужба од Онлајн Корисник или која било друга трета страна што произлегува од или е во врска со употребата на Амадеус Системот и ќе ја обесштети Амадеус Групацијата од сите тужби, штети, трошоци или расходи што ќе произлезат од или во врска со која било таква тужба од Онлајн Корисник или која било друга трета страна.

**6.3 Рекламни Производи.** Доколку Претплатникот нарача кој било Амадеус Производ, што доставува адаптирани рекламни или маркетиншки пораки на клиентите на Претплатникот (секој, "**Амадеус Рекламен Производ**"): (а) Претплатникот ќе се смета дека го упатил Амадеус да му обезбеди на Претплатникот таков Амадеус Рекламен Производ при нарачката; (б) Амадеус ќе испрати реклама на клиентите на Претплатникот само преку таквиот Амадеус Рекламен Производ; (ц) Амадеус ќе ги Обработи Личните Податоци неопходни за обезбедување на таквиот Амадеус Рекламен Производ во согласност со конкретните упатства на Претплатникот, што може да вклучуваат упатства за обработка на информации, вклучително Лични Податоци во ПНР; (д) Претплатникот ќе се информира за и ќе ги почитува сите закони што важат за рекламните или маркетиншките производи, вклучително кои било услови, за кои треба да даде известување на, и да добие неопходна согласност од, своите клиенти; (д) Претплатникот ќе го обесштети Амадеус од тужби, штети, трошоци или расходи што произлегуваат од или во врска со неисполнувањето на неопходните известувања, согласности или други услови според важечките закони; и (е) Амадеус не изјавува и гарантира дека рекламите се законски усогласени или соодветни. Амадеус не презема одговорност за содржината на рекламите и со ова се одредува од каква било одговорност за употребата од страна на Претплатникот на која било реклама.

**6.4 Изготвување на извештаи и Производи за Деловна Интелигенција.** Со цел да се добие пристап до извештаите што содржат Податоци за Резервација или до кои било Амадеус Производи што се користат за деловна интелигенција, Претплатникот мора да му обезбеди на Амадеус листа на Броеви на Канцеларија што ги поседува Претплатникот. Претплатникот е одговорен за соопштување на секоја промена во листата на Броеви на Канцеларија на Амадеус штом таквата промена ќе стапи на сила. Претплатникот има право да ги користи извештаите и податоците ставени на располагање од страна на Амадеус ("**Пазарни Податоци**") во согласност со одредбите и условите на Договорот. Пазарните Податоци: (а) ќе се користат од страна на Претплатникот исклучиво за маркетинг и продажба на своите патнички услуги и за ефикасно водење на својот патнички бизнис; и (б) се за ексклузивна употреба на Претплатникот и нема да бидат објавувани, умножувани, објавувани или ставени на располагање на која било трета страна, целосно или делумно, во нивната оригинална форма, или преуредени или обработени во која било форма или на кој било начин.

**6.5 Обука.** Претплатникот ќе обезбеди дека само Овластени Корисници, кои задоволително завршиле курс за обука обезбеден или одобрен од страна на Амадеус, ги користат Амадеус Системот и Амадеус Производите. Амадеус ќе понуди обука по тогаш важечки Надоместоци. Претплатникот е одговорен за сите инцидентни трошоци (на пр. патување, сместување, храна) сносени од страна на Овластените Корисници во врска со таквата обука.

## 7. Веб страници / Поврзаност на Трети Страни

**7.1 Веб страници на Трети Страни.** Претплатникот признава дека Амадеус Системот или Амадеус Производите може да му овозможат или да му помогнат на Претплатникот да пристапи до содржината на веб страницата на, да кореспондира со, и да купува производи и услуги од, трети страни преку веб страни на трети страни или други Интернет функции, и дека тоа го прави само на свој сопствен ризик. Амадеус не дава изјави или гаранции во однос на, и нема да биде одговорен или обврзан на ниеден начин во врска со, содржината или употребата на, или кореспонденцијата со, која било таква веб страница на трета страна, или кои било комплетирани трансакции и кој било договор склучен од страна на Претплатникот, со која било таква трета страна. Претплатникот е одговорен за негово информирање за одредбите и условите и политиката за приватност на веб страницата на третата страна пред употреба на релевантната веб страница на третата страна. Амадеус не ја прифаќа или одобрува која било веб страница на трета страна, ниту нејзината содржина достапна преку Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ.

**7.2 Мрежи и Системи.** Претплатникот ќе обезбеди дека неговите мрежи и системи се во согласност со релевантните спецификации, за кои е повремено известен од страна на Амадеус.

**7.3 Поврзување со Амадеус.** Претплатникот ќе биде исклучиво одговорен за обезбедување и одржување на мрежни поврзувања и комуникациски врски од своите системи до центрите со податоци на Амадеус.

**7.4 Мрежни Поврзувања и Комуникациски Уреди.** Амадеус не е одговорен за кои било доцнења, неиспораки, или која било друга загуба или штета што произлегува од или во врска со мрежни поврзувања или предизвикани од пренос на податоци преку комуникациските уреди на Претплатникот, вклучително Интернетот, а Претплатникот признава дека Амадеус Системот и Амадеус Производите, што Претплатникот ги користи или до кои пристапува преку таквите мрежни поврзувања или комуникациски уреди, може да подлежат на ограничувања, доцнења и други својствени проблеми во нивната употреба.

## 8. Податоци од Давателот на услуги / Неисполнети Резервации / Податоци за Резервацијата

**8.1 Податоци од Давателот на услуги.** Давателите на услуги се исклучиво одговорни да обезбедат дека податоците и информациите добиени и чувани во Амадеус Системот се точни и соодветно ажурирани. Претплатникот нема да направи никаква резервација за патници, доколку разумно истражување од Претплатникот би покажало дека таквите информации биле неточно добиени и чувани во Амадеус Системот од страна на Давателот на услуги. Амадеус не дава изјави или гаранции во однос на точноста или веродостојноста на кој било податок од Давателот на услуги или на која било друга информација обезбедена на Претплатникот преку Амадеус Системот. Според тоа, Амадеус нема да биде одговорен за содржината, точноста, употребата или продолжената достапност на кој било податок од Давателот на услуги или на која било друга информација содржана во Амадеус Системот и Претплатникот го ослободува од одговорност и се откажува од какви било тужби против Амадеус во однос на точноста на таквиот податок или информација.

**8.2 Неисполнети Резервации.** Доколку некој патник, кој користи потврдена резервација направена од страна на Претплатникот преку Амадеус Системот, е одбиена услуга од страна на Давателот на услуги поради прекумерна продажба или немање евиденција за таквата резервација, или Давателот на услуги обезбедил неточни податоци во Амадеус, единствениот лек ќе биде оној предвиден од таквиот Давател на услуги во неговата тарифа или одредбите и условите на договорот на Давателот на услуги што важи за Претплатникот или патникот.

**8.3 Податоци за Резервацијата.** Претплатникот: (а) коректно ќе ги внесува, ажурира и одржува Податоците за Резервацијата; и (б) ќе биде исклучиво одговорен за законитоста, точноста и квалитетот на Податоците за Резервацијата. Доколку Амадеус одлучи дека некој Податок за Резервација е неточен, збунувачки, лажен или незаконски,

# Стандардни одредби за пристап во Амадеус

Амадеус може да го извести Претплатникот и да го прекине пристапот до таквиот Податок за Резервација, доколку Претплатникот не преземе корективно дејствие во рамки на известениот временски период.

**8.4 Франшизи/Конзорциуми.** Доколку Претплатникот е член на франшиза, конзорциуми или друга претставничка групација, Претплатникот е согласен да ги достави своите Податоци за Резервација (не вклучувајќи ги Личните Податоци) во седиштето на таквата групација.

**8.5 Планови на патувања и Дополнителни Услуги.** Амадеус може: (а) да ги користи Податоците за Резервација за обезбедување на план за патување и други информации; и (б) да понуди дополнителни услуги, директно до патниците преку "CheckMyTrip" или слична веб страница или мобилна апликација.

**8.6 Идентификација на Претплатникот.** Претплатникот е согласен за негова идентификација во кои било маркетиншки, резервациски и продажни податоци, што кој било субјект во рамки на Амадеус Групацијата ќе одлучи да ги стави на располагање. Таквите маркетиншки, резервациски и продажни податоци ставени на располагање од Амадеус нема да вклучуваат идентификација, било да е директно или индиректно, на физички лица, или, доколку е применливо, на организации или компании, во чие име постапуваат. Како замена, Амадеус ќе му достави на Претплатникот извештаи, што вклучуваат збирбу податоци за авионски резервации што се нудат на претплатниците, што ги покриваат сите држави согласно ЕУ Кодексот на Однесување за ЦРС, познати како "Амадеус Анализа на Резервации", под посебен договор што ќе се потпише од Страните.

## 9. Гаранции

**9.1 Гаранција за Софтверски Перформанси.** Амадеус гарантира дека Софтверот прилично одговара на објавената Документација. Доколку Претплатникот го извести Амадеус на писмено за дефект, како единствен лек на Претплатникот за материјалното прекршување на оваа гаранција, Амадеус може: (а) со разумна соработка на Претплатникот, да го потврди постоењето на таквиот дефект и потоа да го поправи или замени кој било дефектен Софтвер; или (б) да го поништи Софтверот од Договорот и да обезбеди пропорционално рефундирање на кои било однапред платени лиценци надоместоци по враќањето на Софтверот. Оваа гаранција не важи за Софтверот што бил изменет или дополнет од страна на Претплатникот или неговите добавувачи.

**9.2 Софтверски Патент / Гаранција за Авторски Права.** Амадеус гарантира дека според негово најдобро знаење делот на Софтверот напишан од Амадеус или Амадеус Групацијата на или пред Датумот на Важност не прекршува важечки патенти или авторски права на трети страни. Како единствен лек на Претплатникот за материјалното прекршување на оваа гаранција, Амадеус ќе го брани Претплатникот против која било тужба, во која се тврди дека на Датумот на Важност делот на Софтверот напишан од Амадеус или Амадеус Групацијата прекршува важечки патенти или авторски права. Амадеус или една од неговите поврзани лица во Амадеус Групацијата ќе ги плати сите директни штети правосилно пресудени, плус сите адвокатски трошоци и поврзани судски трошоци, што произлегуваат од таквата тужба, доколку Претплатникот веднаш му даде писмено известување на Амадеус за таквата тужба, разумни информации и помош, и единствено овластување да го брани во или да го реши спорот. При одбраната или решавањето, Амадеус може по сопствена дискреција: (а) да добие од Претплатникот право да продолжи да го користи Софтверот; или (б) да го замени или измени (без значајна промена на неговите функции), така што нема да прекршува. Доколку Амадеус одлучи по сопствена дискреција дека таквите правни лекови не се разумно достапни, Амадеус може да ја прекине употребата на Софтверот и ќе му даде на Претплатникот пропорционално рефундирање на кои било однапред платени лиценци надоместоци по враќањето на Софтверот и Документацијата. Оваа гаранција не важи доколку: (i) Претплатникот направи кои било измени или дополнувања на Софтверот; (ii) наводното прекршување се базира на употребата или продажбата на Софтверот или Амадеус хардвер во комбинација со производи ненабавени од страна на Амадеус; или (iii) Претплатникот не инсталира друг Софтвер, обезбеден од страна на Амадеус, а инсталацијата на таквиот Софтвер би го спречила наводното прекршување.

## 10. Сопственост

Кои било и сите права од интелектуална сопственост и други сопственички права на Амадеус Системот, Софтверот, Амадеус Производите и Амадеус Услугите, и целата поврзана Документација, знаење и искуство, скриптирање, дизајни на екран, деловни процеси, работни текови и програмски концепти, се сопственост на Амадеус или неговите даватели на лиценца и претставуваат интелектуална сопственост, сопственички информации и трговска тајна на Амадеус или неговите даватели на лиценца. Амадеус или неговите даватели на лиценца ги задржуваат сите права, сопственост и интерес во таквата сопственост, вклучително кој било и сите развои извршени од страна на Амадеус Групацијата или нејзините поврзани лица или во нивно име.

## 11. Безбедност / ПЦИ-ДСС

**11.1 Безбедносни Услови.** Претплатникот признава и се согласува дека околината, во која се користат Амадеус Системот и Амадеус Производите, мора да биде безбедна. Според тоа, Претплатникот мора (и мора да обезбеди дека кој било подизведувач или друга трета страна, што обезбедува услуги од информатичка технологија во негово име, ќе): (а) имплементира и одржува активни заштити за ограничување и контролирање на влезен и излезен сообраќај во компјутерските системи на клиентот на Претплатникот; (б) имплементира и одржува активни и редовно ажурирани алатки за антивирус и антималициозен софтвер на сите компјутери; (ц) користи само сè уште поддржани, ажурирани и закрпени верзии на апликативен софтвер, оперативни системи и инфраструктурни компоненти, со сите безбедносни ажурирања применети што е можно побрзо; (д) обезбеди Овластените Корисници да користат силни лозинки, без споделување на Акредитиви за Пристап помеѓу повеќе поединци или нова употреба на истата лозинка во повеќе производи или алатки, што значи дека сите Овластени Корисници мора да користат единствени лозинки за Амадеус Системот и секој Амадеус Производ, вклучително нивниот работен е-маил налог; и (е) спроведува сесии за подигнување на свеста за сите Овластени Корисници како да препознаат и спречат обиди за кражба на идентитет.

**11.2 Акредитиви за Пристап.** Амадеус ќе му обезбеди на Претплатникот Акредитиви за Пристап за Овластените Корисници да пристапат во и да го користат Амадеус Системот и кои било Амадеус Производи или, доколку е достапно на Територијата, Амадеус Директ. Претплатникот ќе имплементира и одржува соодветни административни процедури за да обезбеди дека Акредитивите за Пристап се дадени само на Овластени Корисници. Претплатникот е исклучиво одговорен за: (а) безбедноста и употребата на Акредитивите за Пристап на Претплатникот и неговите Овластени Корисници; и (б) целиот пристап во и употреба на Амадеус Системот и кои било Амадеус Производи директно или индиректно од страна на или преку информатичката инфраструктура на Претплатникот или Акредитивите за Пристап на неговите Овластени Корисници, со или без знаење или согласност од Претплатникот. Претплатникот веднаш ќе ги повлече Акредитивите за Пристап од лицата, кои ќе престанат да бидат квалификувани како Овластени Корисници.

**11.3 Неовластен Пристап или Употреба.** Претплатникот ќе ги употреби сите физички, административни и технички контроли, скрининг и безбедносни процедури и други заштити неопходни за безбедно вршење на дистрибуцијата и употребата на сите Акредитиви за Пристап и спречување на кој било неовластен пристап во, или употреба на, Амадеус Системот или важечкиот Амадеус Производ и, во случај на кој било таков неовластен пристап или употреба, веднаш ќе го извести Амадеус.

**11.4 ПЦИ-ДСС.** Амадеус и Претплатникот се секој посебно одговорни за безбедноста на податоците на сопственикот на картичката, што се чуваат или обработуваат во или пренесуваат преку нивните соодветни системи и се согласни да соработуваат за одржување на таквата безбедност за да му овозможат на Амадеус годишно да биде сертифициран од страна на Стандардот за Безбедност на Податоците од Индустријата на Платежни Картички ("**ПЦИ-ДЦЦ**") како што е објавен и одржуван од страна на ПЦИ Советот за Безбедносни Стандарди при сертифицирањето, во однос на чувањето, преносот или обработката на податоците на сопствениците на картички, што им припаѓаат на патниците.

**11.5 Внесување на Податоци.** При употребата на Амадеус Системот или кој било Амадеус Производ, Претплатникот е согласен дека сите внесувања на податоци на сопственици на картички од страна на или во име на Претплатникот ќе бидат внесени само во соодветните полиња (на пр. ПНР или полињата за профил на патникот) повремено означени од Амадеус, а за кои Амадеус применува енкрипција. Овие полиња во ПНР и профилот вклучуваат:

(a) <u>ПНР елементи</u>:

| Криптична команда | Име на елемент |
|---|---|
| FP | Форма на плаќање |
| INS | Форма на поделементи за плаќање во осигурителните елементи |
| MCO, XSB, и SVC | Форма на поделементи за плаќање во разни документи |
| NFP | Неутрална форма на плаќање |
| SSR FOID | Барање за специјална услуга за форма на идентификација |
| RM, RC, RX, RY, RI и RQ | Забелешки |
| SSR EPAY | Барање за специјална услуга за електронско плаќање |
| /G | Гарантни полиња за хотелски и автомобилски сегменти |
| /DP | Депозитни полиња за хотелски и автомобилски сегменти |

(b) <u>Профилни елементи</u>:

| Криптична команда | Име на елемент |
|---|---|
| FP | Форма на плаќање |
| SR FOID | Барање за специјална услуга за форма на идентификација |
| SR EPAY | Барање за специјална услуга за електронско плаќање |
| RM | Општа забелешка |
| RC | Доверлива забелешка |
| RQ | Забелешка за контрола на квалитет |
| RX | Корпоративна забелешка |
| RIR | Забелешка за план за патување |
| PPR | Приоритетна линија |
| PPS | Претходно зачувани записи |
| RY | RY забелешка |
| PHI | Гарантни полиња за хотелски сегменти |
| PCI | Гарантни полиња за автомобилски сегменти |

**11.6 Дополнителни Безбедносни Барања.** Претплатникот мора (и мора да обезбеди дека кој било подизведувач или друга трета страна, која обезбедува информатички услуги во име на Претплатникот ќе) да имплементира, одржува и почитува дополнителни барања, политики или стандарди за информатичка безбедност утврдени од страна на Амадеус и повремено соопштени на Претплатникот. Претплатникот мора веднаш да ги преземе мерките неопходни за имплементацијата на таквите барања на свој сопствен трошок и, во секој случај, не подоцна од кој било наведен краен рок.

**11.7 Трети Страни Претплатник.** Претплатникот ќе го извести Амадеус, доколку сака да поврзе трета страна давател на услуги или партнер (на пр. давател на платежни услуги) со Амадеус Системот или Амадеус Производ ("**Трета Страна Претплатник**"). Поврзувањето на која било Трета Страна Претплатник со Амадеус Системот или Амадеус Производ ќе подлежи на претходна писмена согласност од Амадеус и следните тековни услови: (а) Амадеус може да воведе, во кое било време, одредби за употреба или безбедносни мерки применливи на Трети Страни Претплатник, за кои Претплатникот ќе биде одговорен за имплементирање со Трети Страни Претплатник; (б) Претплатникот ќе обезбеди дека секоја Трета Страна Претплатник е во целосна согласност во секое време со ПЦИ-ДСС и ќе му достави на Амадеус доказ за таквата усогласеност со ПЦИ-ДСС на барање; (ц) Амадеус може веднаш и без известување да ја исклучи која било Трета Страна Претплатник, која ги прекршува или не ги почитува целосно ПЦИ-ДСС обврските; и (д) Амадеус нема да биде одговорен за изведбата или исполнувањето на ПЦИ-ДСС од страна на која било Трета Страна Претплатник.

**11.8 Барања за несоодветен дизајн.** Од Амадеус нема да се бара да развие, хостира или имплементира какви било развои, и не нуди никакви гаранции поврзани со безбедноста во оваа смисла, во опсег во кој барањата за развивање на Претплатникот се некомпатибилни или во конфликт со ПЦИ-ДСС или Амадеус безбедносните стандарди или се на друг начин во конфликт со важечките закони, регулативи или мандатираните индустриски стандарди. Во однос на надворешно хостирани развивања, Амадеус може да се согласи да го развие наведеното несоодветно решение, под услов Претплатникот со ова да го ослободи Амадеус и неговите поврзани лица од која било и сите одговорности, која било загуба, штета, трошок или повреда и која било и сите тужби, што може да ги има во иднина против Амадеус и неговите поврзани лица како резултат на развојот или имплементацијата на решението, вклучително кока било неусогласеност со ПЦИ-ДСС.

**11.9 Прекин.** Амадеус може веднаш да го прекине пристапот на Претплатникот во Амадеус Системот или Амадеус Производ, или да преземе други корективни мерки, без каква било одговорност спрема Претплатникот, доколку Претплатникот не ја почитува оваа Секција.

**11.10 Обесштетување.** Претплатникот е согласен дека непочитувањето на оваа Секција може да ја компромитира околината на крајниот корисник, во која се користи Амадеус Системот или Амадеус Производите, што може да доведе до измама, злоупотреба или провали во податоците. Според тоа, Претплатникот ќе ги обесштети применливите субјекти во рамки на Амадеус Групацијата против сите тужби, одговорности, парични казни, штети и поврзани трошоци и расходи што произлегуваат од или во врска со: (а) Неуспех од страна на Претплатникот да имплементира, одржува или да биде во согласност со кои било безбедносни барања, политики или стандарди во оваа Секција или соопштени на Претплатникот согласно горенаведената Секција 11.6; или (б) развојот на несоодветно решение согласно горенаведената Секција 11.8.

## 12. Водење на Бизнис

Амадеус и Претплатникот ќе се придржуваат до високите стандарди на деловната етика, интегритет и фер работење, и нема да направат ништо

што би имало за цел дискредитирање или на кој било начин оштетување на репутацијата и угледот на другиот или неговите поврзани лица.

## 13. Измена

Амадеус го задржува правото, под сопствена дискреција, да ги измени овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус во кое било време ("**Измени**") со испраќање на известување за таквите Измени. Не земајќи во предвид дали е наведено нешто друго во Договорот, Амадеус може да го извести Претплатникот за било какви Измени со објавување на изменетите Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус на: https://amadeus.com/documents/en/travel-channels/legal/amadeus-standard-terms-of-access.pdf
Измените нема да важат ретроактивно и ќе почнат да се применуваат во рок од триесет (30) дена по известувањето. Во секој случај, Измените специфични за нова функционалност или промени направени поради законски причини ќе важат веднаш по известувањето. Претплатникот ја признава својата одговорност редовно да ги проверува овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус за Измени. Доколку која било Измена е неприфатлива за Претплатникот, тогаш Претплатникот може да го раскине овој Договор или, доколку е применливо, продолжената употреба на Амадеус Системот или Амадеус Производ од страна на Претплатникот по истекот на триесет (30) дена од известувањето дадено од страна на Амадеус за Измените, ќе значи дека Претплатникот се смета дека ги прифатил и е согласен со таквите Измени.

## 14. Одвоивост

Доколку за некоја од одредбите на овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус се одлучи од страна на некој суд или друг надлежен трибунал дека е ништовна или неспроведлива, таквите одредби ќе бидат ограничени или елиминирани до минимален опсег неопходен и заменета со валидна одредба, што најдобро ја вклучува намерата на овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус, така што овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус ќе останат целосно важечки и ефективни.

## 15. Важечко Право & Надлежност

**15.1 Важечко Право.** Овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус и кој било спор или тужба што ќе произлезе од или во врска со нив или нивната содржина или формирање (вклучително недоговорни спорови или тужби) ќе бидат регулирани со и толкувани во согласност со правото наведено во Договорот, без оглед на кој било конфликт на права, правила или принципи, што може да бараат примена на кое било друго право, или каде Договорот, или која било негова измена и дополнување, е всушност потпишан.

**15.2 Надлежност.** Секоја Страна неотповикливо се согласува дека судовите наведени во Договорот ќе имаат ексклузивна надлежност да го решат кој било спор или тужба, што ќе произлезе од или во врска со овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус или нивната содржина или формирање (вклучително недоговорни спорови или тужби). Секоја Страна се откажува, во најширок опсег законски дозволено, од судење со порота на сите тужби што произлегуваат од или поврзани со овие Стандардни Одредби за Пристап во Амадеус.

**ВЕРЗИЈА 1.1**

**ДАТУМ: 10-ти декември 2018**